



ПРОМОТОРИ: Ханс Коп и Срѓан Керим во друштво со еден од учесниците на изложбата Благој Чушков

# Привлечноста на македонското сликарство

**Изложбата на осуммината македонски ликовни уметници во Цирих, Швајцарија - вистински културен настан**

Минатата недела во Цирих беше отворена изложбата под наслов „Современо македонско сликарство". Изложбата е дел од еден постојан културен ангажман на амбасадата на Република Македонија во Швајцарија. Минатата година, на пример, во истиот овој град беше претставена македонската графика. Годинава, во организација на адвокатската фирма „Коп енд партнер", беа презентирани дела на осум македонски ликовни уметници. Тоа се сликарите Илија Пенушлиски, Рубенс Корубин, Васко Ташковски, Димитар Манев и Вељо Ташовски, графичарите Димитар Малиданов и Димче Николов и вајарот Благој Чушков. Нивните дела, над стотина, се изложени во просториите на фирмата. Тоа е една повеќекатна зграда во центарот на Цирих која е прогласена за споменик на културата и е под заштита на државата.

Можеби изгледа невообичаено што изложбата е поставена во вакви простори зашто главно манифестациите од ваков вид се ситуираат во просториите на разни банки или други финансиски институции. Меѓутоа, амбиентот на зградата дава атрактивни услови за презентација на уметничките дела. Освен тоа транспарентноста на самиот објект овозможува контакт на изложбата со поголем број посетители.

Инаку, семејството Копови е познат љубител на уметноста иако се занимава со адвокатура во која се сметаат за респективни професионалци. Тие имаат создадено традиција за презентација на уметниците од земјите во транзиција. Досега низ изложбените салони на фирмата имаат поминато ликовните уметници од Полска. Чешка, Унгарија, Словенија... Во оваа организација на изложбата од Македонија учествуваше издавачката куќа ЗУМПРЕС од Скопје.

Отворањето на изложбата на македонските уметници се доживеа како вистински културен настан. Случувањето на модерната македонска уметност, претставена главно преку творците од средната генерација, се вброи во веќе отворената есенска културна сезона во Цирих. На отворањето се собраа личности од културните, ликовните и интелектуалните кругови на Цирих. Меѓу нив и познатото новинарско перо на „Франкфуртер алгемајне цајтуг", Виктор Мајер, еден од респективните познавачи на Балканот, и осведочен пријател на Македонија, на личности од македонскиот политички и државен врв. Ништо необично не ќе беше присуството на Ханс Лотар Штепан на која било изложба во Македонија каде што до минатата година беше амбасадор на Сојузна Република Германија. Сега, како пензионер, тој само за изложбата беше допатувал од Бон во Цирих. Инаку, Штепан е познат љубител на македонското сликарство и колекционер на бројни дела на ликовните уметници од Македонија. Исклучително изразито е неговото културно лобирање за Македонија преку изложбите што ги организира во Германија... Тука беа и други личности од светот на науката, политиката, универзитетот, кои на различни начини и по различни поводи биле во контакти со Република Македонија. Меѓу нив и познатиот професор д-р Иван Томка од швајцарскиот федерален институт за технологија кој ја има проучувано екологијата на езерата и реките во Македонија. На овој настан присуствуваа и дипломатските претставници на Македонија во Швајцарија, амбасадорот д-р Срѓан Керим и првиот и вториот секретар Сибиновски и Илјази. Неодминлив беше и интересот што го покажаа граѓаните од Македонија кои се на привремена работа во Швајцарија, а ги има некаде околу 37.000 на број. Некои од нив допатуваа од разни места на Швајцарија каде што работат или живеат. На отворањето беа присутни ликовните уметници: Пенушлиски, Малиданов, Ташовски и Чушков и Саздова, директорот на ЗУМПРЕС. Во исклучително шармантната и лежерна атмосфера беше покажан голем интерес за изложените дела како и за контакти со присутните уметници на отворањето.

Изложбата ја отвори Ханс Коп. Тој говореше за значењето на швајцарско-македонските односи. Посебно се задржа на Македонија и на македонската култура и со одбрани зборови изрази висок почит кон македонската култура и македонското сликарство и ја истакна нивната мисија во служба на Република Македонија и нејзината меѓународна афирмација. Во таа смисла за апсурден го вреднуваше односот на Грција кон Македонија.

Амбасадорот Керим ги истакна вредностите на македонско-швајцарките ерски кои се од значење за македонската економска и политичка позиција. Токму, непосредно пред изложбата во Берн беа потпишани документи за заштита на швајцарските инвестиции во Македонија. Амбасадорот Срѓан Керим на присутните накусо им ја доближи македонската културна традиција, македонското културно богатство и современите културни достигања и во тие рамки творечкиот опус на ликовните уметници кои ги имаат изложено своите дела пред швајцарската културна јавност.

М. Т.